- [Ѕвезди и филм]

ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# Магично килимче со моќ да предизвика сетилно и контемплативно доживување кај публиката

Изложба со наслов „Ајде да летаме со магичното килимче" на ликовната уметница Ана Ивановска на 4 ноември (вторник), во 20 часот, ќе биде отворена во изложбениот салон „Империјал 1" при Културно-информативниот центар (КИЦ) во Скопје.



„Најновата изложба со наслов „Ајде да летаме со магичното килимче“ на Ана Ивановска формално може да ја дефинираме како амбиентално дело во кое подната поставеност е само еден избор на позиционираност на делото во простор (со крајна артикулација на просторот како уметничко дело), а неговата феноменолошка појавност провоцира толкувања од знаковен аспект. Овој заклучок произлегува од досегашната наклоност на Ана Ивановска кон амбициозни просторни ситуации базирани врз толкувањето и презентирањето на различни архетипски претстави. Силно изразената симболика и просторните релации во нејзините дела се воспримаат на прв поглед и, без оглед дали се работи за третманот на одредена тема, материјал, избор на боја и сл., се соочуваме со авторка што во континуитет особено внимание му посветува како на сетилното, така и на комплетното контемплативно доживување. Во комплексните реализации на нејзините дела - амбиенти/инсталации, доминантно со (по)големи димензии - се диференцираат неколку фокусни точки: доживувањето и третманот на просторот; користењето на материјалот; геометриската и колористичка симболика“, потенцира кураторката Маја Чанкуловска-Михајловска.

Ана Ивановска (Скопје, 1982) дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (2006), во класата на проф. м-р Благоја Маневски, отсек сликарство со насока конзервација и реставрација. Во 2007 година ги завршува испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка (Педагошки оддел) на истиот факултет. Постдипломските студии на отсек сликарство ги завршува во 2011 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, кај проф м-р Благоја Маневски.

Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) и еден од основачите на уметничката група и уметничкиот простор „Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.“ во Скопје, во 2009 година, како и еден од седумте членови на групата „Моми“, основана во 2012 година.

Нејзините дела се претставувани на повеќе самостојни и групни изложби, проекти, перформанси, колонии, уметнички работилници во Македонија (Скопје, Штип, Виница, Куманово, Кавадарци, Охрид, Гевгелија, Берово) и надвор од земјата (во Њујорк во САД, Канада, Франција, Холандија, Данска, Русија, Монголија, Кина, Австрија, Италија, Азербејџан, Чешка, Црна Гора, Косово, Хрватска и Бугарија).

MKD.mk
Like 98,995

Recommend 46 Tweet 0 g+1 0

## Сподели

Share 46 Tweet 0

## Ликовна уметност

[Црногорски уметници изложуваат во Националната...]
[Почина бардот на современата македонска скулптура...]
[Светлината како активна компонента во уметничката...]
[Наградата „Драгутин Аврамовски-Гуте“ дава силен...]